ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:13-277/8**

**Дата:** 29.09.2014

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија (во натамошниот текст: Министерството), е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Раководителот на субјектот има обврска да преземе мерки, политики и конкретни активности за пропишување на под законските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) и внатрешната ревизија. Состојбите кои се наведени во овој извештај имаат влијание врз ефикасноста и ефективноста на вака воспоставениот систем и констатиравме дека има потреба од подобрување на ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија, особено во делот на разграничување на должностите во делот на ex-ante контролите соодветно на актот за систематизација и ЗЈВФК, инвентарисувањето и материјалното задолжување на вработените во Министерството со средствата во сопственост на министерството.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во министерството беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, и тоа:
    - Оценка на основните компоненти;
    - Функционирање на процесите: утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при спроведувањето на набавките и плаќањата и заштита на средствата и обврските (инвентарисување на средствата и обврските).
- Внатрешна ревизија;

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.
Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.
Состојбите кои се прикажани во извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Во поглед на активностите за воспоставување на функционален систем на финансиско управување и контрола утврдивме дека Министерството за животна средина и просторно планирање има исполнето дел од задачите во поглед на воспоставување на соодветен систем на финансико управување и контрола. Усвоени се интерни акти со кои е извршено разграничување на должностите на вработените, воспоставени се неколку процедури во врска со движењето на документацијата и извршувањето на плаќањата на фактурите, како и за други тековни активности на министерството, донесен е стратешки план за периодот 2013 – 2015 година, доделени се овластувања на повеќе раководни лица, а во согласност во стратегијата за Е-Влада на Владата на РМ, преземени се мерки и активности за градење на систем за управување со документи.
Сепак и покрај наведените активности во насока на градење на ефикасен систем за финансиско управување и контрола, утврдивме одредени слабости кои се однесуваат на неизготвената Стратегија за управување со ризици и План за финансиско управување и контрола, извршување на ex-ante контроли без инволвираност и информираност на раководните лица кои согласно актот за

систематизација имаат таква надлежност и неизвршена самопроцена на одделните процеси на системот за финансиско управување и контрола во субјектот.
Во делот на процесот на доделување на постапките за јавни набавки, утврдивме одредени состојби кои се однесуваат на неправилности во тендерската документација, нецелосна документација кај поедини постапки како и утврдување на критериуми за доделување на договорите за јавни набавки кои можат да влијаат врз намалување на конкуренцијата и еднаквата положба на заинтересираните економски оператори.
При извршувањето на пописот како процес на усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдивме поголем број на слабости поради што пописот не е извршен на начин како што е пропишано со законските и под законските акти и процедури од оваа област, не е извршено материјално задолжување на вработените за значителен дел од опремата која им е дадена на користење, а е во сопственост на Министерството, не е извршено потврдување и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и нивните извори, не се преземени активности за запишување на правото на сопственост при надлежната агенција, не е извршена проценка на вредноста на недвижниот имот и нивно евидентирање во деловните книги а воедно од страна на одговорните лица не се презентирани потребните документи за потврдување на моторните возила.

Министерството за животна средина и просторно планирање има систематизирано и воспоставено Единица за внатрешна ревизија во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во поглед на функционирањето на оваа единица утврдивме дека истата пристапила кон изготвување на Стратешкиот и Годишниот план за внатрешната ревизија, меѓутоа во овие документи не се содржани податоци кои ќе укажат дека наведените потенцијално ризични процеси се резултат на извршена документирана објективна процена на ризиците.
Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија.
На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставени се забелешки/известување од страна на министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите преставуваат известување за преземените активности по дадените препораки на овластениот државен ревизор. Постапувањата по дадените препораки се соодветно елаборирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.